**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-125/9**

**Скопје, 14.02.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Единицата на локална самоуправа Орашац сметка на Буџетот за 2005 година кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Орашац за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Спасе Поповски – Градоначалник на општина Орашац.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 22.11.2006 до 23.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Општина Орашац нема донесено Статут со кој се уредуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината, што не е во согласност со одредбите на Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на законските одредби го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа.
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија кој се применува после локалните избори во март 2005 година ( Сл.весник на РМ бр.55/04) општината Орашац е утврдена како населено место во состав на единицата на локалната самоуправа Куманово.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Буџетот на Општина Орашац под 10 јуни 2005 година, резултатот од финансиските активности кои завршуваат со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај сметката на Буџетот на Општина Орашац, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи до 10 јуни 2005 година.

**Скопје 13.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОРАШАЦ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 342 | 1.574 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 3 | 19 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 1.070 | 3.076 |
| **Вкупно приходи** | | **1.415** | **4.669** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.4.1. | 365 | 1.017 |
| Стоки и други услуги | 3.4.2. | 413 | 902 |
| Тековни трансфери | 3.4.3. | 22 | 23 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **800** | **1.942** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.4.5. | 615 | 1.657 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **615** | **1.657** |
| **Вкупно расходи** | | **1.415** | **3.599** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **1.070** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **1.070** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОРАШАЦ**
**БИЛАНС НА СОСОТОЈБА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 1.070 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **1.070** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **1.070** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 1.070 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **0** | **1.070** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **1.070** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*